МЕЃУНАРОДНА ПЛАНИНАРСКА ТРАНСВЕРЗАЛА 4М™
INTERNATIONAL MOUNTAINEERING TRANSVERSAL 4M™
www.planinarenje.org 4m@planinarenje.org ++389 70 32 1234

Лиценциран водач во планина Стојанче Величковски

# П О К А Н А

## ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНАТА ПЛАНИНАРСКА ТРАНСВЕРЗАЛА 4М™

Св. Гаврил Лесновски – Св. Јоаким Осоговски 19/20 мај 2012

Почитувани љубители на планината ,

Со особено задоволство ми Ве поканаме, да земете учество на 12- Трансверзалата 4М™, „По патот на една легенда од 11-ти век“.

Дозволете си на себе, едно несекојдневно патешествие, прифатете еден убав предизвик - да се движите во планина од изгреисонце до задисонце по патот на една легенда од 11-ти век, во придружба на мелозвучни песни од песнопојните птици и прекрасен амбиент на планински цвеќиња, минувајќи низ бројите природни реткости и ендемити, прекрасни росни полјани, брзи планински реки и потоци... бидете дел од овогодинешната здравица во која ќе Ви посакаме пријатна вечера и добар престој во конаците на Осоговскит манастир.

Ве молиме да се придржувате на ПРАВИЛАТА и ПРОГРАМА за организација на трансверзалата која традиционално се одржува во предпоследниот викенд од месец мај.

-I-

## ПРАВИЛА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИНАРСКАТА ТРАНСВЕРЗАЛА 4М™17455

1. Планинарската трансверзала 4М™ е бренд, услужна трговска марка впишана во регистерот на трговски марки под број 17455 во индивидуална сопственост на Планинарскиот водач Стојанче Величковски.
2. Планинарската трансверзала 4М™ доделува признание почесен учесник на трансверзалата 4М, кое што е доделено на маестро Борис Трајанов.
3. Планинарската трансверзала 4М како спортско-културна манифестација може да има во својот состав и други придружни манифестации.
4. Традиционалниот термин на Трансверзалата како манифестација е предпоследниот викенд во месец мај.
5. Идејата, називот, логото/амблемот, мотото, знамето, начинот на маркација и протегањето ма машрутите се заштитена интелектуална сопстевеност.

6. Официјална web-страна е www.planinarenje.org

7. Начинот на огласување, организирањето како спортско-културна манифестација, или како комерцијален туристички аражман се регуурирани според Меѓународната класификација на стоки и услиги (класа 35, 41 и 45).

8. Планинарската транверзала 4М е отворена за соработка со бизнис заедницата, единиците за локана самоуправа, туристички, спортски здуженија, културни установи, здруженија на граѓани и други заитересирани субјекти.

9. Начинот за соработка се уредува со посебен Прототокол односно Договор за соработка.

10. Секој учесник на Трансферзалата учествува по сопствена желба и на своја одговорност.

11. Секој учесник е должен да ја почитува саатницата и предвидениот протокол за реализација на Трансверзалата 4М™.

12. Караванот со учесници од Крива Паланка (Плоштад) тргнува огранизирано во 04.00 часот со организиран превоз по цена 350 денари за учесник.

13. За сите други учесници кои на стартот ќе допатуваат со сопствен превоз важи ”правилото” на Паркингот пред Лесновскиот манастир да дојдат навреме најдоцна до 06.15 часот.

14. Движењето од стартотот до целта е во група, времето на пристигањето во група е условено компактноста на групата (учесниците) на Трансверзалата и временските услови и други околности кои можат да влијаат на темпото со кое се движи групата.

15. Предвиденото време за пристигнувањето на целта во Осоговскиот манастир е предвидена околу 19.00 часот.

16. Организаторот има правото во случај на невреме (виша сила) или друга причина да промени дел од маршрутата.

17. Секој учесник е должен да ги почитува Правилата за реализирање на Трансферзалата како и напатствијата на Водичот и неговите помошници.

18. Учесник кој без дозвола на одговорниот водич самоволно ќе се оддалечи од патеката или на друг начин недициплинирано се однесува го губи статусот на учесник на Трансверзалата, за што се внесува посебна забелешка во Пријавниот Лист.

19. Заради максимална безбедност, организаторот обезбедува медицинско следење на колоната, но Организаторот не сноси никаква одговорност за било кој учесник кој нема да се придржува, на упатствата дадени за време на трансферзалата, здравствени ограничувања на поединци кои не се пријавени во Пријавниот лист, самоволно одделување од колоната како и повреди предизвикани од алкохол и други недозволени средства.

20. Помлади малолетници може да учествуваат исклучиво во присуство на најмалку еден од родителите или тренер ако се работи за спортист, професор по фискултура ако се работи за ученик, началник /старешина на одред ако станува збор за извидници, со претходна најава кај организаторот!

21. Секој учесник да носи со себе соодветна и прикладна опрема, за движење во планински услови, чевли соодветни за трекинг патека,кабаница, резервна облека, сад за вода и батериска светилка...

22. ИСХРАНАТА е од ранец и покрај тоа што на патеката постојат 6 извори со пивка вода земете си доволно течности со оглед на должината на Патеката.

23. Организаторот за учесниците на целта, обезбедува ГРАТИС манастирско гравче за вечера. (Ви напоменуваме дека во манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски Ресторанот работи!

24. СМЕСТУВАЊЕ учесниците ќе бидат сместени во Стариот Конак во манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски во повеќекреветни соби по цена од 300 денари , Сместувањето во Новиот Конак е 500 денари за што е потребна посебна најава. За сите што нема да се пријават на време ќе се бара алтернативно сместување.

    Место за спиење во манастирот има само за оние кои благовремено ќе се пријават, за сите што нема да се пријават на време ќе се бара алтернативно сместување (ученичкиот интернат "Боро Менков" – крива Паланка).

25 Рок за пријавување за учество на Трансферзалата 4М најдоцна до 16.05.2010 година кај организаторот.

-II-

ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИНАРСКАТА ТРАНСВЕРЗАЛА 4М™17455

САБОТА, 19.05.2012 година

06.00 Собирање на учесниците на ПАРКИНГОТ пред Лесновскиот манастир;

6.10 Пополнување на Пријава за учество и објаснување на легендата од 11-ти век;

06.25 Организирано влегување во кругот на Манастирот со запознавање на значењето на манастирот и знаменитостите во Лесновски крај;

06.40 Објаснување за патеката од одговорниот водач и основач на Трансверзалата 4М™, на традиционалното место,пред црницата која е стара околу 6 века,

06.55 Поздравна порака од Почесниот учесник на Трансверазата 4М™ Трансверзалата 4М™

07.05 Подготовка за старт (фотографирање, прилагодување на опрема );

07.10 СТАРТ - Стартот ќе биде означен со пуштање на 12 гулаби кои ќе ја пренесат бројната состојба на учесниците на учесниците во Крива Паланка за да почне припремата на традиционалното планинарско гравче;

18,30 - 19.00 часот предвидено време за пристигнување во Св. Јоаким Осоговски.

19.00-19.50 Одмор, припрема за вечера, сместување на учесниците;

20.00-22.00 Доделување на признанија , вечера и заедничко другарување.

## НЕДЕЛА 20.05.2011 година

Посета на изложбата на фотографии за 4М во цетрарот за Култура во Крива Паланка, градскиот музеј на Крива Паланка и рекреативната патеката 4М-1с (Водопадите на Станечка Река).

Ви напоменуваме доколку сте заинтересирани за некоја друга алтернативна опција за посета на некоја културна знаменитост во Осоговскиот регион, нагласете го тоа во Пријавата за учество за да можеме да Ви излеземе во пресрет, и навреме Ве известиме за ЦЕНАТА НА ПРЕВОЗОТ ако е неопходен за саканата опција.

070.32.1234 Стојанче Величковски, или на e-mail stole@planinarenje.org